Триглав пензиско друштво АД, Скопје
Бул. 8-ми Септември бр. 18, кат 2
1000 Скопје

triglav

Архивски број:02-1927/1
Датум:28.10.2022

Триглав пензиско друштво АД Скопје

Финансиски извештаи

За периодот

01.01.2022 - 30.09.2022

Октомври 2022

28/10/2022

Содржина

Биланс на успех за периодот 7
Извештај за паричните текови за периодот 9
Извештај за промени во главнината за периодот 10
Белешки кон финансиските извештаи 11

Биланс на состојба на ден

р.б.	група на конта или конто	ПОЗИЦИЈА	Белешка	31.12.2021 во МКД	30.09.2022 во МКД
1	2	3	4	5	6
		СРЕДСТВА			
1		**А.Побарувања за запишана а неуплатена основна главнина**		-	-
2		***Б. Долгорочни средства (3+10+18+19+27+28)***		***44.478.143***	***42.247.006***
3	**0**	**Нематеријални средства (4+5+6+7+8+9)**	**14**	**13.395.798**	**12.207.286**
4		1.Основачки издатоци		-	-
5		2.Гудвил (Goodwil)		-	-
6		3.Патенти, лиценци и концесии		-	-
7		4.Заштитни знаци и слични права		-	-
8		5.Аванси за нематеријални средства		-	-
9		6.Останати нематеријални средства		13.395.798	12.207.286
10	**1**	**Материјални средства (11+12+13+14+15+16+17)**	**15**	**4.828.917**	**4.210.811**
11		1.Земјишта и шуми		-	-
12		2.Градежни објекти		-	-
13		3.Постројки и опрема		1.006.437	712.297
14		4. Алат, погонски и канцелариски материјал, мебел и транспортни средства		3.353.158	3.147.625
15		5.Аванси за материјални средства		-	-
16		6.Материјални средства во подготовка		-	-
17		7.Останати материјални средства		469.322	350.889
18	**2**	**Вложувања во недвижности**		**-**	**-**
19	**3**	**Долгорочни финансиски вложувања (20+21+22+23+24+25+26)**		**26.253.428**	**25.828.909**
20		1.Вложувања во поврзани субјекти (во акции или удели)		-	-
21		2.Заеми на поврзани субјекти		-	-
22		3. Финансиски средства кои се чуваат до доспевање		-	-
23		4. Финансиски средства расположиви за продажба	**16**	23.753.428	25.828.909
24		5. Финансиски средства според објективна вредност преку добивка или загуба		-	-
25		6. Дадени кредити, депозити и кауции	**17**	2.500.000	-
26		7. Останати долгорочни вложувања		-	-
27	**4**	**Долгорочни побарувања**		**-**	**-**
28	**5**	**Одложени даночни средства**		**-**	**-**
29		***В. Краткорочни средства (30+38+42+49+55+59+60+67+72+73)***		**54.586.722**	**172.177.661**
30	**10**	**Парични средства и парични еквиваленти (31+32+33+34+35+36+37)**		***1.215.774***	***22.462.565***
31		1.Жиро сметки		515.774	362.565
32		2.Благајна		-	-
33		3.Девизни сметки		-	-
34		4.Девизни акредитиви		-	-
35		5.Девизна благајна		-	-
36		6. Депозити и хартии од вредност- парични еквиваленти	**18**	700.000	22.100.000
37		7.Останати парични средства		-	-

(продолжува на следна страна)

Биланс на состојба – продолжено

38	**11**	**Побарувања од поврзани субјекти(39+40+41)**		**144.966**	**52.929**
39		1. Побарувања од поврзани субјекти по основ на продажба на производи и услуги		-	-
40		2. Побарувања по камати од поврзани субјекти		-	-
41		3. Останати побарувања од поврзани субјекти		144.966	52.929
42	**12**	**Побарувања од купувачите (43+44+45+46+47+48)**		**1.421.900**	**146.283.288**
43		1.Побарувања од купувачи		-	-
44		2.Побарување за надоместок од уплатени придонеси		222.590	33.156
45		3.Побарување за надоместок за управување со средства		861.284	1.363.664
46		4.Побарувања за надоместок за премин		-	-
47		5. Побарувања од камати на депозити и хартии од вредност		4.345	4.247
48		6. Останати побарувања		333.681	144.882.221
49	**13**	**Побарувања од државата и други институции (50+51+52+53+54)**		**-**	**-**
50		1. Данок на додадена вредност		-	-
51		2. Побарувања за повеќе платен персонален данок на доход		-	-
52		3.Побарувања за повеќе платени даноци и придонеси од		-	-
53		4. Побарувања за повеќе платени даноци од добивката		-	-
54		5. Побарувања од државата и други институции врз основа на останати неспомнати давачки		-	-
55	**14**	**Побарувања од вработените (56+57+58)**		**73.801**	**20.035**
56		1.Побарувања од вработените за повеќе исплатени плати и надоместоци на плати и други примања		-	-
57		2.Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања		-	-
58		3. Останати побарувања од вработените		73.801	20.035
59	**15**	**Останати побарувања**		**-**	**-**
60	**16**	**Краткорочни финансиски средства (61+62+63+64+65+66)**		**51.000.000**	**3.000.000**
61		1.Вложувања во поврзани субјекти (во акции или удели)		-	-
62		2. Краткорочни кредити и заеми		-	-
63		3. Хартии од вредност кои се чуваат до доспевање		-	-
64		4. Хартии од вредност според објективна вредност преку добивка или загуба		-	-
65		5. Краткорочно орочени средства	19	51.000.000	3.000.000
66		6. Останати краткорочни вложувања		-	-
67	**19**	**Платени трошоци за идните периоди и недостасана наплата на приходи (АВР) (68+69+70+71)**		**730.281**	**358.844**
68		1.Однапред платени трошоци		207.168	142.950
69		2.Трошоци што се разграничуваат на повеќе години		523.113	215.894
70		3.Пресметани приходи што не можеле да бидат фактурирани		-	-
71		4.Останати платени трошоци и пресметани приходи		-	-
72	**32**	**Залиха на резервни делови**		**-**	**-**
73	**35**	**Залиха на ситен инвентар и амбалажа**		**-**	**-**
74		***Г.Вкупно средства (1+2+29)***		**99.064.865**	**214.424.667**
75		***Д.Вонбилансна евиденција***		**8.759.899**	**8.798.046**

(продолжува на следна страна)

Биланс на состојба – продолжено

		ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ		**-**	**-**
76		***А.Главнина и резерви (77+81+82+83+87+90)***		**94.774.722**	**65.600.652**
77	**90**	**Основна главнина- запишан капитал (78+79+80)**	**20**	**184.483.800**	**184.483.800**
78		1. Основна главнина- запишан и уплатен капитал		184.483.800	184.483.800
79		2. Запишана а неуплатена основна главнина		-	-
80		3. Сопствени акции и удели		-	-
81	**91**	**Премии на емитирани акции**		**-**	**-**
82	**93**	**Ревалоризициона резерва**		**-**	**-**
83	**94**	**Резерви (84+85+86)**		**-**	**-**
84		1.Законски резерви		-	-
85		2.Статутарни резерви		-	-
86		3.Останати резерви		-	-
87	**95**	**Акумулирана добивка и добивка за финансиската година (88+89)**		-	-
88		1.Акумулирана добивка		-	-
89		2.Добивка за финансиската година		-	-
90	**96**	**Пренесена загуба и загуба за финансиската година (91+92)**		**(89.709.078)**	**(118.883.148)**
91		1.Пренесена загуба		(51.301.968)	(89.709.078)
92		2.Загуба за финансиската година		(38.407.110)	(29.174.070)
93		**Б.Долгорочни обврски (94+97)**		**1.008.122**	**1.008.122**
94	**27**	**Долгорочни резервирања (95+96)**		**1.008.122**	**1.008.122**
95		1. Резервирања за пензии, отпремнини и сл. Обврски кон вработени		1.008.122	1.008.122
96		2. Останати долгорочни резервирања за ризици		**-**	**-**
97	**27**	**Долгорочни обврски (98+99+100+101+102+103)**		-	-
98		1.Долгорочни обврски спрема пензиските фондови		-	-
99		2. Долгорочни обврски спрема поврзани субјекти		-	-
100		3. Долгорочни обврски врз основа на заеми, кредити и кауции		-	-
101		4. Долгорочни обврски спрема добавувачите		-	-
102		5. Долгорочни обврски врз основа на хартии од вредност		-	-
103		6. Одложени даночни обврски		-	-
104		***В.Краткорочни обврски (105+108+114+120+123+124+128)***		***3.282.021***	***147.815.893***
105	**21**	**Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти (106+107)**		**164.313**	**145.364.910**
106		1. Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти во земјата		164.313	482.690
107		2. Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти во странство		-	144.882.220
108	**22**	**Обврски кон добавувачите (109+110+111+112+113)**		**2.094.475**	**750.304**
109		1.Обврски кон добавувачите во земјата		318.555	224.657
110		2.Обврски кон добавувачите во странство		988.659	480.437
111		3.Обврски кон МАПАС		578.671	(20.000)
112		4.Обврски кон Фондот на ПИОМ		85.986	65.027
113		5.Обврски кон чувар на имот		122.604	183

(продолжува на следна страна)

Биланс на состојба – продолжено

114	**23**	**Краткорочни обврски за даноци и други давачки (115+116+117+118+119)**		**381.594**	**174.940**
115		1. Обврски за данок на додадена вредност		363.768	154.965
116		2. Обврски за персонален данок на доход		17.830	19.979
117		3. Обврски за даноци и придонеси од плати		(4)	(4)
118		4. Обврски за даноци од добивката		-	-
119		5. Обврски кон државата и други институции врз основа на останати неспомнати давачки		-	-
120	**24**	**Обврски спрема вработените**		**6.205**	**3.962**
121		1. Обврски за плата и надоместоци на плата		-	-
122		2. Останати обврски спрема вработените		6.205	3.962
123	**25**	**Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања**		**224.630**	**180.340**
124	**26**	**Краткорочни финансиски обврски (125+126+127)**		-	-
125		1. Краткорочни обврски врз основа на заеми и кредити од поврзани друштва		-	-
126		2. Краткорочни обврски врз основа на заеми и кредити во земјата и од странство		-	-
127		3. Обврски врз основа на останати краткорочни финансиски средства		-	-
128	**29**	**Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди (129+130)**		**410.804**	**1.341.437**
129		1.Пресметано а одложено плаќање на трошоците		410.804	1.341.437
130		2.Останато одложено плаќање на трошоците и приходите		-	-
131		***Г.Вкупно обврски (93+104)***		***4.290.143***	***148.824.015***
132		***Д.Вкупно главнина и обврски (76+131)***		***99.064.865***	***214.424.667***
133		***Ѓ.Вонбилансна евиденција***		**8.759.899**	**8.798.046**

Биланс на успех за периодот

Од 01.01.2022 до 30.09.2022					
р.б.	група на конта или конто	ПОЗИЦИЈА	Белешка	2021 МКД	30.09.2022 МКД
1	2	3	4	5	6
1	**73**	**Приходи од управување со фондот (2+3+4)**	**4**	**15.245.516**	**20.501.667**
2		Приходи од надоместок од придонеси		8.323.153	10.345.325
3		Приходи од надоместок за управување		6.915.815	10.126.693
4		Приходи од надоместок за премин		6.548	29.649
5	**70**	**Расходи од управување со фондот (6+7+8+9+10+11+12)**	**5**	**18.526.644**	**17.005.009**
6		1.Расходи за МАПАС		3.323.777	4.129.374
7		2.Расходи за чуварот на имот		971.800	1.168.058
8		3. Расходи за Фондот на ПИОМ (% од уплатени придонеси)		404.414	525.792
9		4. Трошоци за трансакции			-
10		5. Трошоци за маркетинг		4.856.730	3.189.511
11		6. Трошоци за агенти		7.743.611	7.015.774
12		7. Останати трошоци за управување со фондот		1.226.312	976.500
13		**Добивка или загуба од управувањето со фондот (1-5)**		**(3.281.128)**	**3.496.658**
14	**76**	**Останати приходи на друштвото**	**6**	**551.659**	**113.083**
15	**40-46**	**Расходи од управување со друштвата (16+17+18+19+20+21)**		**38.039.033**	**33.867.634**
16		1. Трошоци за суровини и други материјали	**7**	691.502	796.287
17		2. Трошоци за услуги	**8**	11.721.608	9.788.758
18		3. Плати и надоместоци на плата и останати трошоци на вработените	**9**	19.674.552	16.566.180
19		4. Амортизација и вредносно усогласување	**10**	3.106.868	2.507.974
20		5. Резервирања за трошоци и ризици	**11**	(632.177)	-
21		6. Останати трошоци од работењето	**12**	3.476.680	4.208.435
22	**77**	**Финансиски приходи (23+24+25+26+27+28+29+30)**		**2.361.392**	**1.089.212**
23		1. Приходи од вложувања во поврзани субјекти			-
24		2. Приходи од вложувања во неповрзани субјекти			-
25		3. Приходи врз основа на камати од работењето со поврзани субјекти			-
26		4. Приходи од курсни разлики од работењето со поврзани друштва			-
27		5. Приходи врз основа на камати од работењето со неповрзани субјекти	**13**	2.361.392	1.089.212
28		6. Приходи врз основа на курсни разлики од работењето со неповрзани субјекти			-
29		7. Нереализирани добивки (приходи) од финансиски средства			-
30		8. Останати финансиски приходи			-

(продолжува на следна страна)

Биланс на успех – продолжено

31	**47**	**Финансиски расходи (32+33+34+35+36+37+38+39+40)**			**5.389**
32		1. Камати од работењето со поврзани субјекти			-
33		2. Курсни разлики во работењето со поврзани субјекти			-
34		3. Останати финансиски расходи од работењето со поврзани субјекти			-
35		4. Камати од работењето со неповрзани субјекти			-
36		5. Затезни камати			5.388
37		6. Курсни разлики од работењето со неповрзани субјекти			1
38		7. Нереализирани загуби (расходи) од финансиски средства			-
39		8. Вредносно усогласување на долгорочни финансиски средства и хартии од вредност расположливи за продажба			-
40		9. Останати финансиски расходи			-
41		**Вкупно приходи (1+14+22)**		**18.158.567**	**21.703.962**
42		**Вкупно расходи (5+15+31)**		**56.565.677**	**50.878.032**
43		**Добивка (Загуба) пред оданочување (41-42)**		**(38.407.110)**	**(29.174.070)**
44		**Данок на добивка**			**-**
45		**Добивка (загуба) по оданочување (43-44)**		**(38.407.110)**	**(29.174.070)**

Триглав пензиско друштво АД Скопје

Бисера Јарчевска
по овластување арх. Број 02-1914
на ден 26.10.2022 година дадено од
Претседател на Управен одбор
Тихомир Петрески

BISERA JARCHEVSKA
Digitally signed by BISERA JARCHEVSKA
Date: 2022.10.28 11:56:42 +02'00'

Член на Управен одбор
Маријан Николовски

MARIJAN NIKOLOVSKI
Digitally signed by MARIJAN NIKOLOVSKI
Date: 2022.10.28 11:29:12 +02'00'

Извештај за паричните текови за периодот

Од	01.01.2022 до 30.09.2022	
р.б.	Позиција	Износ
1	Парични приливи од деловни активности	26.001.796
2	Парични одливи од деловни активности	(53.650.348)
3	**Нето паричен тек од деловни активности (1-2)**	**(27.648.552)**
4	Парични приливи од инвестициски активности	100.216.405
5	Парични одливи од инвестициски активности	(51.321.062)
6	**Нето паричен тек од инвестициски активности (4-5)**	**48.895.343**
7	Парични приливи од финансиски активности	-
8	Парични одливи од финансиски активности	-
9	**Нето паричен тек од финансиски активности (7-8)**	**-**
10	Нето зголемување или намалување на парите и паричните еквиваленти (3+6+9)	21.246.791
11	**Пари и парични еквиваленти на почетокот на периодот**	**1.215.774**
12	**Пари и парични еквиваленти на крајот од периодот**	**22.462.565**

Извештај за промени во главнината за периодот

Од 01.01.2022 до 30.09.2022				
	Акционерски капитал	Добивка/ (загуба) за тековниот период	Акумулирана добивка/ (загуба)	Вкупно
Состојба на 31.12.2021	**184.483.800**	**(38.407.110)**	**(51.301.968)**	**94.774.722**
Добивка/(загуба) за тековниот период	-	(29.174.070)	-	(29.174.070)
Пренос во акумулирана добивка/(загуба)	-	38.407.110	(38.407.110)	-
Состојба на 30.09.2022	**184.483.800**	**(29.174.070)**	**(89.709.078)**	**65.600.652**

Белешки кон финансиските извештаи

1. Општи информации

Триглав пензиско друштво АД Скопје е акционерско друштво основано во Март 2019 година согласно позитивни законски прописи на Република Северна Македонија. Својата дејност Друштвото ја започнува со добивање на Решение бр.14-244/13 од 20.03.2019 година од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) и уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Основната и единствена дејност на Друштвото согласно националната класификација на дејности е управување со задолжителен и доброволен пензиски фонд во согласност со одредбите на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и другите позитивни законски и подзаконски прописи во земјата.

Акционерскиот капитал на Друштвото е во 100% сопственост на Заваровалница Триглав д.д. Љубљана, со седиште на ул. Миклошичева цеста 19, 1000 Љубљана, Република Словенија, дел од Групацијата Триглав, една од најголемите осигурителни и финансиски групации во регионот на Југоисточна Европа.

Седиште:	бул. 8-септември, бр.18, кат 2, 1000 Скопје
Даночен број:	4057019545071
Матичен број :	7344228
Основен капитал:	3.000.000,00 EUR
Број на акции:	60.000

На 30.09.2022 година во Друштвото има 22 вработени лица, од кои 20 на полно и 2 на неполно работно време.

Членови на органи на управување, на 30.09.2022:

УПРАВЕН ОДБОР	НАДЗОРЕН ОДБОР
Г-дин Тихомир Петрески, Претседател на Управен одбор	Г- дин Алјоша Уршич, Претседател на Надзорен одбор
Г-дин Маријан Николовски, Член на Управен одбор	Г-дин Блаж Кметец, член на Надзорниот одбор
	Г-дин Рок Пивк, член на Надзорниот одбор
	Г-дин Мирослав Вујиќ, Независен член на Надзорниот одбор

2. Сметководствени политики

Сметководствените политики како специфични принципи, основни конвенции, правила и пракси усвоени од страна на Друштвото, при внес на податоците во деловните книги, подготовка и презентирање на финансиските извештаи, утврдени се на основа на Законот за трговски друштва, усвоените Меѓународни сметководствени стандарди (МСС), Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Правилникот за водење на сметководство, Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи на пензиското друштво донесен од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС, останатата важечка регулатива од областа на сметководството во Република Северна Македонија и согласно насоките за подготовка на финансиските извештаи утврдени на ниво на Групацијата Триглав, начела за процена, научни сознанија за современото работење и деловната политика.

Цел на утврдените политики е објективно искажување на финансиската состојба, успешноста во работењето и промената во финансиската состојба на Друштвото и истовремено добивање на квалитетни информации, релевантни за носење на деловни одлуки.

Основа за мерење

Финансиските извештаи се подготвуваат на основа на историска набавна вредност освен:

- финансиските средства по објективна вредност преку добивката и загубата; и
- средствата расположливи за продажба кои што се мерат по објективна вредност.

Функционална и презентациска валута

Финансиските извештаи се прикажани во македонски денари (“МКД” или “денари”), кои се функционална и презентациска валута на Друштвото.

Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на Извештајот за финансиската состојба деноминирани во странска валута, се следните:

Валута	31.12.2021	30.09.2022
1 ЕУР	61,6270	61,4950

Користење на проценки и расудувања

Изготвувањето на финансиските извештаи во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија, Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, и останатите пропишани законски и подзаконски акти од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување бара од раководството да прави расудувања, проценки и претпоставки кои влијаат на примената на политиките и прикажаните износи на средствата, обврските, приходите и расходите. Реалните состојби може да се разликуваат од овие проценки.

Проценките и претпоставките постојано се прегледуваат. Измените на сметководствените проценки се признаваат во периодот во кој е извршена измена на проценката, доколку измената влијае само на тој период или се признаваат и во идните периоди доколку измената влијае и на идните периоди.

Информациите во врска со расудувањата направени од раководството во примената на сметководствените стандарди кои имаат значително влијание на финансиските извештаи се прикажуваат во белешките кон финансиските извештаи.

Трансакции во странска валута

Трансакциите во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на трансакциите. Монетарните средства и обврски искажани во странска валута на денот на известувањето се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на известувањето. Добивките и загубите од курсните разлики од монетарните средства се разлика помеѓу амортизираната набавна вредност во денари на почеток на периодот, коригирана за ефективна камата и плаќања во текот на периодот и амортизираната набавна вредност во странска валута вреднувана според курсот важечки на крајот на периодот.

Немонетарните средства и обврски искажани во странска валута, и кои се мерат по објективна вредност, се превреднуваат во денари според курсот важечки на денот на определувањето на објективната вредност. Курсните разлики кои произлегуваат од превреднувањето на износите во странска валута се признаени во извештајот за сеопфатната добивка, освен курсните разлики кои произлегуваат од превреднување на сопственичките хартии од вредност, кои се признаваат директно во капиталот.

Немонетарните средства и обврски искажани во странска валута кои се мерат по историска вредност се превреднуваат според курсот важечки на денот на трансакцијата.

Девизните средства со кои што работи Друштвото се претежно евра (ЕУР).

Материјални средства

Сопствени материјални средства

Во Друштвото под материјални основни средства се сметаат оние средства кои се потребни за непосредно извршување на дејноста (градежни објекти, транспортни средства, компјутери и компјутерска опрема, канцелариска опрема и мебел и друга опрема). Во опремата се вклучува и ситен инвентар со рок на траење повеќе од една година и вредност над 300 евра.

Материјалните средства се признаваат како средства, кога е сигурно дека Друштвото ги поседува истите, и дека од нив ќе остварува идни економски користи, и кога набавната вредност (трошоците за нивно стекнување) можат веродостојно да се измерат.

Доколку набавеното материјално средство е со поголема вредност, истото може да биде поделено на поединечни делови со различни векови на користење. Одговорно лице за ваква одлука е член на Управниот одбор. За материјални средства со поголема вредност се смета секое средство со набавна вредност преку 20.000 евра.

Признавање и мерење

Материјалното средство кое ги исполнува условите за признавање, при почетно признавање се вреднува по набавна вредност (по трошоците за набавка, трошоците за нивно стекнување). Набавната вредност на материјалното средство ги вклучува трошоците кои што се директно поврзани со стекнувањето на средството, односно:

- набавната цена (фактурирана вредност), вклучувајќи и царина и неповратни даноци на набавка, по одземање на трговски попусти и рабати,
- сите трошоци кои можат директно да се припишат на доведување на средството до локацијата и работната состојба во која тоа е оперативно способно на начин предвиден од страна на раководството,
- првичната процена на трошоците за демонтирање и отстранување на средството и обновување на просторот каде што тоа е лоцирано.

По почетно признавање како средство, материјалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност (утврдена при почетното признавање) намалена за акумулираната амортизација (депрецијација) и акумулираната загуба поради обезвреднување (оштетување).

Купениот софтвер кој е интегрален дел од функционалноста на соодветната опрема се капитализира како дел од таа опрема.

Последователни трошоци

Последователните трошоци, кои се однесуваат на веќе признаени материјални средства, се додаваат на сметководствената вредност на средствата, односно се признаваат како средство, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери. Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во добивките или загубите во текот на

финансискиот период во кој се јавуваат. Добивките и загубите поврзани со отуѓувањата се утврдуваат по пат на споредба на приливите со нето сметководствената вредност. Истите се вклучуваат во добивки или загуби во периодот кога настануваат.

Амортизација (депрецијација) на материјалните средства

Средствата се амортизираат по нивното ставање во употреба.

За средствата кои се набавени во текот на деловната година, депрецијацијата започнува да се пресметува првиот ден од следниот месец, кога средството е расположливо за употреба. Средствата не се амортизираат доколку се трајно надвор од употреба.

Трошокот за амортизација (депрецијација) за секој период треба да биде признаен во Извештајот за сеопфатна добивка (Биланс на успех), освен доколку не е вклучен во сметководствената вредност на друго средство.

Прекин на пресметување на амортизација

Во случај на оштетување поради виша сила, пресметката на амортизацијата (депрецијацијата) и пресметката на исправката на вредност на материјалните основни средства привремено се прекинува. Прекинувањето трае онолку колку што е потребно за да се отстрани штетата. Привремено прекинување на пресметката на амортизацијата се врши доколку материјалното средство неможе да се користи подолго од еден месец.

Амортизацијата (депрецијација) на материјалните основни средства престанува кога средството се рекласифицира како чувано за продажба или кога се прекинува со признавањето на средствата (при отуѓување или доколку не се очекуваат идни економски користи од неговата употреба).

Стапка на амортизација (депрецијација) на материјалните средства

Стапките на амортизација (депрецијација) на материјалните средства се одредуваат во зависност од корисниот век, што пак зависи од:

- очекуваната употреба на средството,
- очекувано физичко трошење и стареење,
- очекуваната техничка и пазарна застареност,
- очекувани законски и други ограничувања за употреба.

Друштвото го применува праволинискиот метод на депрецијација. За материјалните средства се применуваат следните годишни стапки на депрецијација:

Група на материјално средство	Годишни стапки
Градежни објекти	2,5%
Транспортни средства	15%
Компјутери и компјутерска опрема	25%
Канцелариска опрема и мебел	20%
Друга опрема	10%

Кога делови од ставките на недвижностите и опремата имаат различен корисен век, тие се евидентираат како одделни ставки (главни компоненти) на недвижностите и опремата.

Корисниот век на материјалните основни средства треба да се проверува годишно. Ако се утврди дека корисниот век е различен од оној што е веќе избран, соодветно се менува и период и метод на амортизација (депрецијација) за да таа метода го одрази променетиот начин на трошење. Ваквите промени се евидентираат како промени во сметководствената проценка во согласност со соодветен стандард.

Отпишување на материјалните средства

Сметководствената вредност на материјалните средства се отпишува при отуѓување (пример преку продажба, финансиски наем или преку донација) или кога не се очекуваат идни економски користи од нивната употреба и отуѓување.

Средствата кои се повлечени од активна употреба, а се чуваат за продажба или се чуваат за распределба кон сопствениците, се евидентираат по нивната сметководствена вредност на датумот кога средствата се повлечени од употреба.

Кога средствата се отпишуваат без паричен надоместок (пример при расходување), загубата во висина на сметководствениот износ веднаш се признава (на денот на отписот, односно расходувањето).

Корисната остаточна вредност при отпишувањето претставува приход, а неамортизираната набавна вредност се признава како расход во пресметковниот период во кој средствата се отпишани.

Доколку материјалното основно средство се планира да се продаде, истото мора да се пренамени во нетековни средства за продажба врз основа на одлука на Управниот одбор. Предлагачот на одлуката исто така мора да обезбеди проценка на објективната вредност на тоа средство, намалена за планираните продажни трошоци, и да го достави ова известување до Службата за финансиско сметководство и финансиска оператива во рок од 7 дена од денот на одобрувањето. Врз основа на овие документи, сметководствената евиденција евидентира оштетување и прераспределба на средството од материјални основни средства во нетековни средства кои се чуваат за продажба по сметководствена вредност или објективна вредност, намалени за трошоците за продажба, доколку оваа вредност е пониска.

Добивките и загубите од продажбите/отуѓувањето на недвижностите и опремата се определуваат споредувајќи ги надоместите од продажбата со сегашната вредност на недвижностите и опремата и се признаваат нето како добивка или загуба во извештајот за сеопфатната добивка, во периодот во кој настануваат.

Обезвреднување на материјални средства

На крајот на секој период на известување се проценува дали постојат индикации дека материјалните средства се обезвреднети.

При проценка дали има навестување дека средството може да биде обезвреднето, се гледаат следните индикатори:

- во разгледуваниот период пазарната вредност на средството се намали многу повеќе од очекуваното поради протокот на време;
- значајни промени се појавуваат во технолошкото, пазарното, комерцијалното или правното опкружување;
- каматните стапки на пазарот се зголемени, а овие зголемувања веројатно ќе влијаат на дисконтната стапка што се користи при пресметување на вредноста при употреба и значително намалување на надоместливиот износ на средството;
- други навестувања (доказ за застарена или физичка штета на средството, очекувани промени во користењето на средствата со негативно влијание врз друштвото за осигурување и други навестувања).

Доколку постојат такви индикации, Друштвото мора да ја процени надоместливиот износ на средството. Како надоместлив износ се зема објективната вредност, намалена за трошоците за продажба или употребливата вредност, во зависност од тоа која е повисока. Ако надоместливиот износ на средствата е помал од неговата сметководствена вредност или од сметководствената вредност на неговата единица која генерира парични текови, сметководствената вредност на средството треба да се намали до неговиот надоместлив износ. Ваквото намалување е загуба поради обезвреднување, признаена во извештајот за сеопфатната добивка.

Единица која генерира парични текови е најмалата група на средства која може да се идентификува, којашто генерира парични приливи од континуирана употреба коишто во голем степен се независни од паричните приливи од други средства или групи на средства.

Загубите поради обезвреднување признаени во однос на единиците кои генерираат парични текови се распределуваат на средствата во единиците (група на единици) на пропорционална основа.

Надоместувачкиот износ на средството или единицата која генерира парични текови е поголемата од неговата употребна вредност и неговата објективна вредност намалена за трошоците за продажба на средството. При проценката на употребната вредност, проценетите идни парични текови се дисконтираат до нивната сегашна вредност со употреба на дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и ризиците специфични за средството.

Анулирање на загубата поради обезвреднување на материјалните средства се признава само во случај на пораст на нивната надоместлива вредност, доколку тој пораст може да се поврзе со непристрасен настан кој настанал по признавање на обезвреднувањето. Загубата поради обезвреднувањето се анулира само до висина на сметководствената вредност која би се утврдила по одбивање на амортизацискиот отпис, во кој случај сметководствената вредност на средствата треба да се зголеми до неговата надоместлива вредност, кога за последен пат била признаена загуба пореди обезвреднување на средствата.

Добивките или загубите кои настануваат поради отуѓување или со намалување на сметководствената вредност поради обезвреднување се прикажуваат во Извештајот за сеопфатна добивка (Биланс на успех) како останати приходи или останати расходи.

Вложувања во недвижности

Вложување во недвижности

Вложувања во недвижности се вложувања во земјиште и згради кои се во сопственост на Друштвото, кои не се користат за употреба или работа на Друштвото. Недвижностите се определени како вложувања, во колку во нив не се извршуваат основните дејности на Друштвото, односно Друштвото користи незначителен дел на зградата.

Вложувањата во недвижности се признаваат како средства кога се исполнети следниве критериуми:

- Вложувањата во недвижнини генерираат економски придобивки за Друштвото.
- Недвижниот имот се користи за изнајмување (закупнина), зголемување на нивната вредност, или за двете заедно.
- Овие средства не се наменети за продажба во блиска иднина.
- Набавната вредност може да биде веродостојно измерена.

Вложувањата во недвижнини првично се мерат по нивната набавна вредност. Под набавна вредност на купените вложувања во недвижности се подразбира набавната цена и сите издатоци директно поврзани со нив (пример: правни услуги, данок за пренос на недвижнини и други трошоци). За последователно мерење на вложувањата во недвижности, Друштвото го применува моделот на набавна вредност. Начинот на амортизацијата (депрецијација) и отпишување на овие средства е ист како и за материјалните средства.

Реалната вредност за отпис на овие средства се врши на основа на процена од страна на овластени проценители на вредност на недвижнини.

На годишно ниво се проверува потенцијално оштетување на вложувањата во недвижности. Постапките за оштетување се исти како и за материјалните средства.

Нематеријални средства

Нематеријални средства

Нематеријални средства ги опфаќа вложувањата во патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци, права на туѓи недвижности, вложувања во компјутерски софтвер, кога софтверот не е интегрален дел на соодветниот хардвер и други права.

Нематеријални средства се признаваат како средства кога е сигурно дека Друштвото ги поседува истите и дека од нив ќе оствари идна економска корист и кога набавната вредност на средствата може веродостојно да се измери.

Друштвото го применува моделот на набавна вредност и почетното признавање ги води нематеријални средства по нивната набавна вредност, намалена за акумулираната амортизација и акумулираните загуби поради оштетување.

Последователното признавање на нематеријалните средства (зголемување, замена на поединечен дел од таквото средство) е можно, само кога ја зголемуваат идната економска корист вклучена во дел од нематеријалните средства. Сите останати издатоци се признаваат во извештајот за сеопфатната добивка како трошоци како што настануваат.. Последователно зголемувањето на вредноста на нематеријалното средство е можно во следниве случаи:

- надградба на компјутерски програми, доколку тоа претставува дополнителна функционалност на програмата и во иднина ќе донесе дополнителни економски користи;
- средства, кои овозможуваат надградба на нови верзии на програмата и на тој начин се зачувува, односно одржува вредноста на лиценците;
- со купување дополнителни лиценци, со времетраење на договорот над една година.

Нематеријалните средства се класифицираат како нематеријални средства со определен век на употреба и нематеријални средства со неопределен век на употреба.

Компјутерските програми (софтвер) се признаваат како нематеријални средства во моментот кога се оспособени за користење. Во времето на стекнување, односно изградба, трошоците се евидентираат на посебно конто: компјутерски програми (софтвер) во фаза на изградба. Со завршување на изградбата на компјутерска програма, истата се активира и пренесува на аналитичка евиденција на нематеријални средства и се започнува со пресметката на амортизацијата.

Амортизација на нематеријалните средства

Начинот на амортизација кој го користи Друштвото е праволиниски метод на амортизација.

Нематеријалните средства со неопределен корисен век не се амортизираат.

За нематеријалните средства се применуваат следните годишни амортизациски стапки:

Група на нематеријално средство	Годишна стапка
Компјутерски програми – редовни	20%
Компјутерски програми за долгорочна примена (основен оперативен систем за управување со фондови)	10%
Други материјални права	20%

Отпишување на нематеријалните средства

Постапките за отпис се исти како и кај материјалните средства.

Нематеријалните средства кои се наменети за продажба, на основа на одлука на Управниот одбор, се прераспределуваат во некраткорочни средства за продажба. Предлог до Управниот одбор поднесува еден од членовите на управниот одбор, а предлогот се поднесува и до Надзорниот одбор доколку така бараат актите на друштвото.

Обезвреднување на нематеријалните средства

Вредноста на нематеријалните средства се проценува на крајот на секој период на известување, на начин кој се оценува дали постојат објективни индикации за обезвреднување на одделните средства. Во колку постојат такви индикации, Друштвото го проценува надоместливиот износ на средствата, со цел да се утврди оштетувањето. Кога евидентираниот износ на средството е повисок од неговиот проценет надоместлив износ, тој веднаш се отпишува до неговиот надоместлив износ. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата.

Предлог за обезвреднување дава пописната комисија во својот извештај за попис, а на предлог на раководното лице кое е старател над наведеното нематеријално средство.

За нематеријалните средства со неограничен корисен век на употреба или нематеријалните средства кои се уште не се расположливи за употреба, надоместливата вредност се мери најмалку еднаш годишно без оглед дали постојат индикации за обезвреднување.

Анулирање на загубата поради обезвреднувањето на нематеријалните средства се признава само во случај на пораст на нивната надоместлива вредност, доколку тој пораст може да се поврзе со непристрасен настан кој настанал по признавање на обезвреднувањето. Загубата поради обезвреднувањето се анулира само до висината на сметководствената вредност која би се утврдила по одбивањето на амортизацискиот отпис, во кој случај сметководствената вредност на средствата треба да се зголеми до неговата надоместлива вредност, кога последен пат била признаена загуба поради обезвреднување на средствата.

Финансиски средства

Финансиските средства при почетното признавање се класифицираат во следниве групи:

- Финансиски средства измерени според објективната вредност преку билансот на успех (добивката и загубата);
- Финансиски средства кои се чуваат до доспевање;
- Заеми и побарувања;
- Финансиски средства расположливи за продажба.

Класифицирањето зависи од првобитната намена на вложувањето. Раководството при почетното признавање го одредува класифицирањето на вложувањето. Финансиските средства при почетното признавање се мерат според нивната набавна вредност, која претставува нивна

објективна вредност, зголемена за трансакционите трошоци коишто претставуваат трошоци кои можат директно да се припишат на стекнувањето на финансиското средство (надомест и провизии кои се плаќаат на агентите, советници, брокери, берзански посредници, обврски кон берзата и други плаќања поврзани со пренос) Ова не се однесува на финансиските средства кои се распоредени во групата на финансиски средства, измерени според објективната вредност преку билансот на успех.

Друштвото почетно ги признава заемите и побарувањата, депозитите и обврските по заеми на денот кога тие се настанати. Сите останати финансиски средства и обврски почетно се признаваат на датумот на тргување на кој што Друштвото станува странка на договорните одредби за инструментот.

Друштвото, најмалку на квартална основа, врши вредносно усогласување на финансиските вложувања до нивната објективна вредност или обезвреднување, и истото го евидентира.

Опис на класифицираните финансиски средства

Финансиски средства, измерени според објективната вредност преку билансот на успех

Во оваа категорија се вклучени две групи:

А) финансиски средства измерени според објективната вредност преку билансот на успех, кои се чуваат за тргување;

Б) финансиски средства измерени според објективната вредност преку билансот на успех, кои при почетното признавање така се назначени од страна на Друштвото.

По почетното признавање, овие средства се мерат според објективната вредност преку билансот на успех. Објективната вредност се утврдува врз основа на објавени цени на активниот пазар, освен за изведените финансиски инструменти со кои не се тргува и финансиските средства кои не котираат на берзата. Во тие случаи, објективната вредност се одредува врз основа на последните трансакциски цени или врз основа на модел на вреднување.

Добивката или загубата, која произлегува од промена во објективната вредност, се признаваат во Извештајот за сеопфатна добивка (Биланс на успех), во периодот во кој настануваат.

Финансиски средства кои се чуваат до доспевање

Финансиските средства кои се чуваат до доспевање се недериватни финансиски средства со фиксни или утврдливи плаќања и со фиксен датум на доспевање за плаќање, кои Друштвото има позитивна намера и можност да ги чува до доспевање, освен оние коишто Друштвото при почетно признавање ги назначува како средства според објективната вредност преку билансот на успех, оние кои што Друштвото ги назначува како средства расположливи за продажба и оние кои ја исполнуваат дефиницијата за заеми и побарувања.

Финансиските средства кои се чуваат до доспевање се мерат според амортизирана набавна вредност користејќи го методот на ефективна каматна стапка.

Доколку објективната вредност на овие средства привремено се зголеми или намали под сметководствената вредност, оваа промена не влијае на износот на овие средства, односно промените не се признаваат во книгите, освен во случај на ризик од промена на финансиската положба на издавачот.

Доколку Друштвото продаде вложувањата кои се чуваат до достасување, освен во незначителни износи или како последица на неповторувачки, изолиран настан надвор од негова контрола, кој не може да биде разумно предвиден, сите други негови други финансиски средства кои се чуваат до достасување мора да бидат прекласифицирани како расположливи за продажба за тековната и следните две години на финансиско известување.

Заеми и побарувања

Заемите и побарувања (освен побарувања од работење) се недериватни финансиски средства со фиксни или утврдливи плаќања кои не котираат на активен пазар.

Заемите и побарувањата при почетно признавање се мерат според изворната вредност, а по почетното признавање по амортизирана набавна вредност со примена на методата на ефективна каматна стапка, намалени за евентуални загуби поради обезвреднување.

Финансиски средства расположливи за продажба

Финансиските средства расположливи за продажба се оние недериватни финансиски средства кои се класифицираат како расположливи за продажба, или не се класифицираат како: заеми и побарувања, вложувања кои се чуваат до доспевање; или како финансиски средства според објективната вредност преку билансот на успехот. Всушност, кај овие финансиски средства не е позната намерата на Друштвото при купување или чување (ниту дали ќе тргуваат, ниту дали ќе се чуваат до доспевање), може да ги продаде тогаш кога ќе му се укаже прилика, или пак, може да се случи да ги чува до нивното доспевање.

Финансиските средства расположливи за продажба, по почетното признавање се мерат според нивната објективна вредност, без никакво одбивање на трансакциските трошоци, кои можат да настанат при нивната продажба или при друг начин на отуѓување.

Во случај на финансиски инструменти, кои не котираат на берза, објективната вредност се мери врз основа на последните трансакциски цени (официјални ценовници за откуп на хартии од вредност од различни берзански посреднички друштва или банки) или според моделот на вреднување (дисконтирање на очекувани парични текови).

Во случај на вложување во сопственички инструменти, кои немаат котирана пазарна цена на активен пазар и чија објективна вредност не може да се измери веродостојно, истата се мери според нивната набавна вредност.

Добивка или загуба, која произлегува од промената на објективната вредност на овие финансиски средства, се признава во сеопфатната добивка (акумулирана добивка) во капиталот (главнина), како зголемување (добивка) или намалување (загуба) на објективната вредност,

освен во случај на камати на средствата (кои се признаваат во билансот на успех), обезвреднување на средствата, како и при добивки и загуби од курсни разлики.

Во моментот кога се депризнаваат финансиските средства расположливи за продажба, акумулираната добивка или загуба, која претходно била призната во капиталот, треба да се рекласификува од капиталот (главнината) во билансот на успех.

Депризнавање на финансиските средства

Признатите финансиски средства се депризнаваат кога:

- Истекуваат договорените права за парични текови од финансиските средства;
- Друштвото ги задржува договорените права да прими парични текови од финансиските средства, но презема договорени обврски да ги плати тие парични текови на еден или повеќе ентитети согласно договор;
- Друштвото ги пренесува договорените права до приемот на паричните текови од финансиските средства и на истите:
  - Се пренесени сите ризици и користи кои произлегуваат од сопственоста врз средството,
  - Не се задржани или пренесени ризиците и користите кои произлегуваат од сопственоста врз средството, но предадена е контролата врз средството.

Доколку на пренесените финансиски средства Друштвото оствари камата и истата ја задржи, каматата се признава како посебно средство или обврска.

Обезвреднување на финансиски средства

Друштвото најмалку еднаш квартално, утврдува дали постојат непристрасни докази за обезвреднување на финансиските средства. Под непристрасни докази се сметаат: неплаќање на каматите и главницата, значајни финансиски тешкотии на издавачот, веројатност од стечај или финансиска реорганизација на издавачот, исчезнување на активен пазар поради финансиски тешкотии или други значајни податоци кои укажуваат дека постои мерливо намалување на оценетите идни парични текови, вклучувајќи економски проблеми во земјата или локалното окружување на издавачот.

Доколку постои објективен доказ дека е настаната загуба поради обезвреднување на финансиските средства кои се евидентираат по амортизирана набавна вредност (заеми и побарувања или вложувања кои се чуваат до доспевање кои се евидентираат според амортизирана набавна вредност), износот на загубата поради обезвреднување, се мери како разлика помеѓу сметководствената вредност на тие средства и сегашната вредност на проценетите идни парични текови, дисконтирани со оригиналната ефективна каматна стапка на финансиското средства. Сметководствената вредност на овие средства треба да биде намалена

или директно или со користење на сметка на исправка на вредноста. Износот на загубата се признава во Билансот на успех за извештајниот период.

Доколку постои објективен доказ дека е настаната загуба поради обезвреднување на некотиран сопственички инструмент, кој не се евидентира според објективна вредност, затоа што неговата објективна вредност не може да се измери веродостојно, износот на загубата поради обезвреднување, се мери како разлика помеѓу сметководствената вредност на тие средства и сегашната вредност на проценетите идни парични текови, дисконтирани со тековната стапка на поврат за слично финансиско средства.

Загубата поради обезвреднување на финансиските средства, расположливи за продажба, се пресметува во однос на нивната моментална објективна вредност. Доколку постои објективен доказ за обезвреднување на финансиското средство расположливо за продажба, износот на акумулираната загуба, која претходно била признаена во капиталот (главнина) треба да се рекласифицира од капиталот (главнината) во Билансот на успех.

Во случај на должнички хартии од вредност, како непристрасни докази за обезвреднување се земаат:

- статутарни промени како што се стечај, ликвидација на издавачот итн.;
- доцнење на плаќањата и други значајни негативни настани, поврзани со кредитната способност на издавачот.

Кај финансиските средства кои се искажани по амортизирана набавна вредност и должничките инструменти класифицирани како расположливи за продажба, а кои се претходно утврдени како обезвреднети, загубата поради обезвреднување се анулира на начин што износот на анулирање ќе биде признаен преку добивката или загубата, односно се искажува во Билансот на успех за периодот. Загубата поради обезвреднување се анулира само доколку за тоа постојат објективни докази поврзани со настаните кои се случиле откако загубата поради обезвреднување била призната преку добивката или загубата во Билансот на успех за извештајниот период.

За пресметување на загубата поради обезвреднување на финансиските средства (освен побарувањата) во согласност со одредбите на овие политики, одговорно е лицето одговорно за управување со финансиски вложувања, кое мора на квартално или најмалку еднаш годишно да ја провери соодветноста на наведениот износ на сите финансиски средства и навремено да ги достави овие пресметки до сметководството (роковите утврдени во распоредот за изработка на кварталните и годишните сметководствени извештаи) пред подготовката на годишните сметководствени извештаи.

Побарувања

Опис на побарувања

Искажување на побарувањата

Побарувања по основ на работењето на Друштвото, побарувања од фондовите, побарувања од купувачите, државата, вработените и другите правни и физички лица се искажуваат во деловните книги во моментот на нивното настанување, врз основа на уредни документи за настанувањето на деловниот настан и податоци за нивната вредност и според нивната номинална вредност намалена за вредносното усогласување.

Побарувања по основ на надоместоци од управување со фондовите

Побарувања по основ на надоместок за уплатени придонеси, надоместок за управување со фондот, надоместок за премин се состојат од фактурирани, а ненаплатени надоместоци согласно статутите на фондовите со кои управува на Друштвото. Побарувањата од надоместоци од управување со фондовите се признаваат во моментот кога настануваат, односно за:

1. надоместок за уплатени придонеси – на денот на уплатата на придонесот
2. надоместок за управување со фондот – секој ден за вкупниот износ на средствата на фондот
3. надоместок за премин – на денот на наплата на надоместокот

При почетното признавање, надоместоците се искажуваат врз база на изворната вредност искажана во пресметката или фактурата. Подоцна се намалуваат за извршеното вредносно усогласување – исправка на вредноста на побарувањето – посебна резерва, така што Друштвото ја утврдува очекуваната наплатлива вредност на побарувања.

Обезвреднување на побарувања

Побарувања од редовното работење (освен побарувања од управување со фондови)

Кај секоја група на побарувања од работење (освен побарувања по основ на дејноста управување со фондови) се проверува адекватноста на искажаната висина на побарувања. Најмалку при крајот на деловната година се проверува нивната објективна вредност, односно дали е потребна да се обезвредни побарувањето, односно да се анулира загубата поради обезвреднување. Побарувањата се усогласуваат со објективната вредност на датумот на билансот, односно се проценуваат и искажуваат во Извештајот за финансиска состојба (Биланс на состојба) по пониската вредност од набавната (номинална) вредност или нето реализациона вредност (вредност која може да се наплати), проценета според веројатноста на наплатата на побарувањата. Проценетата објективна – реална вредност на побарувањата, претставува наплатлива вредност која е утврдена со анализа и проценка за нивната наплатливост.

Обезвреднувањето (усогласување на вредноста на побарување) се евидентира како исправка на вредност на побарувањата и се формира посебно или групно за побарувања со слични кредитни

ризици. Кредитниот ризик се оценува врз основа на сознание дека побарувањето не е платено во одредениот рок, односно дека настанале околности на делумно намалување на побарувањето.

Ова усогласување се врши врз основ на проценка на ненаплатливост на овие побарувања од страна на менаџментот на Друштвото, кога постои очигледен доказ дека Друштвото нема да биде во состојба да ги наплати сите износи, согласно претходно утврдените услови.

Класифицирањето на побарувањата во соодветната група на старост на побарувања се врши според доспеаноста и искуството од претходните години во однос на плаќање на побарувањата од исти старосни групи, или врз основа на поединечни проценки на финансиската состојба на секој должник класифициран во соодветната категорија, имајќи ги во предвид критериумите кои се утврдени во овој акт, во делот кој се однесува на вреднување на вложувањата во хартии од вредност кои не котираат на организирани пазари и чија доспеаност не е значајна.

Пари и парични еквиваленти

Во пари се вклучени паричните средства на сметките во банките и паричните средства во благајните, како и останатите парични средства.

Парите и паричните еквиваленти се искажуваат во Извештајот за финансиска состојба (Биланс на состојба) според нивната амортизирана набавна вредност. За целите на финансиските извештаи, истите се состојат од пари, како и краткорочни високо ликвидни хартии од вредност, кои брзо можат да се конвертираат во познати износи на пари и кои се предмет на незначителен ризик од промена на нивната вредност, со рок на доспевање помал од 3 месеци.

Девизните средства се пресметуваат во домашната валута на денот на приемот по тогашниот важечки курс на валутата. Состојбата на девизната сметка се пресметува по курсот од референтните курсни листи на датумот на билансот.

Краткорочни временски разграничувања

Во активни временски разграничувања се опфатени одложените трошоци (расходи) и пресметани приходи, кои сметководствено треба да се искажуваат одвоено.

Краткорочните одложени трошоци претставуваат износи кои подоцна ќе влијаат на деловните резултати. Истите се разграничуваат поради рамномерно оптоварување на деловниот резултат или пак се одложуваат поради тоа што се однапред платени, а сеуште не се настанати.

Кај осигурувањето на живот, одложените трошоци за стекнување се вкалкулирани во рамки на математичката резерва.

Капитал и резерви

Запишан капитал

Запишаниот капитал се однесува на запишаниот акционерски капитал (основна главнина) на Друштвото, кој е потребно да се уплати во целина во пари, и тој не смее да биде помал од износот утврден со законот. Запишаниот капитал претставува збир на запишаниот и уплатен капитал, и на запишаниот, а не уплатен капитал на Друштвото, односно номиналната вредност на платените обични и приоритетни акции, како и на обичните и приоритетни акции кои треба да се уплатат.

Зголемување или намалување на вредноста на запишаниот капитал се врши врз основ на законски прописи.

Капитални резерви

Во капиталните резерви, во смисла на изготвување на консолидираните извештаи, се вклучуваат и премиите на емитирани акции, ревалоризационите резерви како и други плаќања од капиталот врз основ на статутот. Премиите на емитираните акции се однесуваат на делот на запишаниот капитал на Друштвото, кој претставува износ кој се јавува како резултат на продажба на акции во текот на емисијата по цена повисока од номиналната вредност на акцијата, односно дополнително уплатените средства над номиналната вредност на акцијата, и истата се евидентира во корист на премијата на емитирани акции (капитална резерва). Истата се однесува на разликата помеѓу номиналната и продажна вредност на акциите. Во рамките на капиталните резерви, односно во рамките на ревалоризационите резерви се искажуваат и резервите кои се резултат на ревалоризација на долгорочните материјални и нематеријални средства во согласност со важечките МСС 16 и МСС 38, како и нереализираната добивка/загуба врз основа на промена на објективната вредност на финансиските вложувања расположливи за продажба.

Резерви од добивка

Резервите од добивката се резерви кои се издвојуваат од остварената добивка на Друштвото по оданочувањето. Истите можат да бидат:

- законски резерви (обврски кои произлегуваат од закон);
- статутарни резерви (во согласност со статутот на Друштвото);
- резерви за сопствени акции, и
- останати резерви.

Законски и статутарни резерви

Во сметководствените извештаи се искажуваат и законските и статутарните резерви, кои претставуваат посебни резерви формирани во Друштвото

Законските резерви во Друштвото ги сочинува задолжителната општа резерва како општ резервен фонд. и се формираат со распределба од остварената добивка по оданочувањето (нето-добивка). Зголемувањето на законските резерви се врши од распределба на 5% од остварената добивка по оданочување, искажана со финансиските извештаи, ако таа не се користи за покривање на загубите од претходните години.

Издвојување во законските резерви се врши во согласност со Законот за трговски друштва, се додека резервите на Друштвото не достигнат износ кој што е еднаков на една десетина од основната главнина. Ако така создадената резерва се намали, мора да се дополни на ист начин.

Доколку е предвидено со Статутот, Друштвото може да формира и статутарни резерви. Статутарните резерви се формираат со распределба на остварената добивка по одаточувањето (нето-добивка).

Статутарните резерви можат да се користат и за покритие на нето загубата од деловната година и за покритие на пренесените загуби, за резерви за сопствени акции, за откуп на сопствени акции, за зголемување на основниот капитал и за балансирање на дивидендната политика на Друштвото.

Резерви за сопствени акции

Резерви за сопствени акции се формираат доколку Друштвото стекне сопствени акции. Овие резерви се формираат од добивката по одаточување (нето добивката), од пренесената добивка или од останати резерви. Во случај на отуѓување на сопствени акции, резервите за сопствените акции се ослободуваат. Сопствените акции се изразуваат во рамките на капиталот како одбитна ставка.

Акумулирана – нераспоредена добивка

Акумулираната – нераспоредена добивка резултира од остварената нето добивка. Истата се однесува на остварената добивка од претходните периоди, а која не е распределена во вид на дивиденда. Пресудно влијание колкава ќе биде акумулираната добивка имаат финансиските резултати на Друштвото и политиката на сопственикот на капиталот применета при распоредувањето на добивката.

Добивка или загуба

Добивката или загубата во тековниот период се утврдуваат и искажуваат согласно законските прописи, со овој или друг акт. Добивката или загубата, во тековниот пресметковен период се однесува на остварениот финансиски резултат (остварена нето добивка).

Дивиденди

Дивидендите се признаваат во капиталот во периодот во кој што се одобрени од страна на акционерите на Друштвото.

Обврски

Обврски

Обврските се признаваат во Извештајот за финансиска состојба (Биланс на состојба), кога е веројатно дека од подмирувањето на сегашните обврски ќе произлезе одлив на ресурси кои содржат економски користи, и кога износот по кој ќе се изврши подмирувањето може да се измери веродостојно.

Обврски кон агенти

Друштвото ги признава обврските кон агентите - лица ангажирани по договор на дело кога договорите со потенцијалните членови на фондовите се потпишани и потврдени од Агенцијата за супервизија за капитално финансирано пензиско осигурување.

Финансиски обврски

Во финансиски обврски се вклучуваат: обврските по основ на камати, дивиденди, останати удели во добивката, обврските по основ на земените заеми и кредити, обврските по основ на издадени хартии од вредност, обврските по основ на финансиски лизинг, субординираните обврски, како и останати обврски по основ на вложувања.

Во деловните книги, при почетното признавање, финансиските обврски се вреднуваат во висината на номиналните износи кои произлегуваат од деловните и финансиски трансакции, што значи дека обврските почетно (кога ќе настанат) се искажуваат според нивната набавна односно номинална вредност на која гласи обврската (износ на фактура, договор и слично).

Истите се намалуваат за отплатените износи, а се зголемуваат според пропишаната камата. Финансиските обврски во финансиските извештаи се изразуваат според отплатливата вредност, односно по амортизираната набавна вредност со примена на методата на ефективна каматна стапка, освен за финансиските обврски преку билансот на успех. Трошоците за камати од заемите, се признаваат како расход и соодветно се разграничуваат преку периодот на траење на добиениот заем.

Подредените должнички хартии од вредност претставуваат долг, за кој спогодбено е договорено, дека во случај на стечај или ликвидација Друштвото ќе биде исплатено на крајот. Подредениот долг во финансиските извештаи се искажува според исплатливата вредност.

Надомести за вработените

Друштвото плаќа плати, надоместоци за работна успешност и социјални придонеси на своите вработени, платени годишни одмори и платени отсуства. Во надоместоци за вработените се вклучени и: регрес за годишен одмор, трошоци за службени патувања, трошоци за стручно образование.

Придонесите кои се утврдуваат врз основа на платата на вработените се уплаќаат во пензиските фондови, кои што се одговорни за исплата на пензиите.

Друштвото нема дополнителна обврска за плаќање по основ на овие планови. Обврските за уплата на придонеси се признаваат како расход во извештајот за сеопфатната добивка кога се пресметуваат.

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие.

Друштвото признава обврска и расход за износот кој што се очекува да биде исплатен како бонус или како удел во добивката и доколку Друштвото има сегашна правна или изведена обврска да

врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се процени веродостојно.

Останати долгорочни резерви

Резерви за вработени

Резерви за вработените ги опфаќаат резервите за пензиски фондови, отпремнини при пензионирање, јубилејни награди, резерви за неискористен годишен одмор и останати резерви за вработените. Пресметката на овие резерви се прави врз основа на методата на актуарско вреднување во согласност со важечкиот МСС 19. Тоа е метода за предвидените значајни единици, односно метода за пресметка на заработувачката сразмерно на извршената работа. Во текот на пресметката се почитуваат актуарските претпоставки и тоа:

- Демографски претпоставки (смртност и флуктуација на вработените) • Финансиски претпоставки, односно:
- Дисконтна стапка, земајќи го во предвид пазарниот принос на државните обврзници во Р.С.М, односно други држави или пазарни стапки следејќи го графиконот на приносот на Европската централна банка на денот на балансирање и
- Порастот на плати, земајќи ја во предвид инфлацијата, старосната структура, унапредувањето и други релевантни фактори, како што се понудата и побарувачката на пазарот на работна сила.

Вредноста на резервата мора да биде идентична со сегашната вредност на издатоците, кои се очекува да бидат неопходни за да се подмират обврските.

При исплата, отпремнините за плата и јубилејни награди се признаваат како деловни трошоци (трошоци за вработени) во извештајот за сеопфатна добивка (Биланс на успех).

Останати резерви

Останати резерви се формираат за моментални обврски кои потекнуваат од минати настан, кои ќе се подмират во нареден период, кој со сигурност не е одреден и чија висина на идните издатоци веродостојно може да се оцени (резерви за судски спорови, неповолни договори итн.) Формирањето на овие резерви не зависи од идното работење. Резервациите се проверуваат на секој датум на известување и се коригираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна проценка. Кога ефектот на временската вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да настанат за подмирување на обврската.

Приходи и расходи

Приходи

Приходите претставуваат зголемување на економските користи во текот на пресметковниот период во форма на приливи или зголемување на средствата или намалување на обврските што резултираат со зголемување на капиталот, освен оние зголемувања кои се однесуваат на придонесите на сопствениците во капиталот.

Приходите се признаваат по објективната вредност на надоместокот кој е примен или се побарува, земајќи ги во предвид и попустите одредени од страна на Друштвото. Во приходите се вклучуваат:

- Надоместок од уплатени придонеси, како процент од секој уплатен придонес во Триглав отворен задолжителен пензиски фонд (во натамошниот текст "надоместок од придонеси") во износ пропишан со Статутот на Триглав отворен задолжителен пензиски фонд, а изразен како процент од од уплатените придонеси пред нивно претворање во сметководствени единици;
- Месечен надоместок во износ пропишан со Статутот на Триглав отворен задолжителен пензиски фонд, а изразен како процент од вредноста на вкупно управуваните нето средства на секоја индивидуална сметка во Триглав отворен задолжителен пензиски фонд (во натамошниот текст "надоместок за управување со средствата");
- Надоместок, во случај на пренос на средствата во друг задолжителен пензиски фонд за премин на членот од Триглав отворен задолжителен пензиски фонд во друг задолжителен пензиски фонд во износ пропишан со Статутот на Триглав отворен задолжителен пензиски фонд;
- Надоместок од придонес, како процент од секој уплатен придонес во Триглав отворен доброволен пензиски фонд (надоместок од придонеси) во износ пропишан со Статутот на Триглав отворен доброволен пензиски фонд, а изразен како процент од уплатените придонеси пред нивно претворање во сметководствени единици. По исклучок, надоместокот од придонеси за членовите на Триглав отворен доброволен пензиски фонд кои се учесници на професионална пензиска шема се определува со договори склучени помеѓу осигурителот и Друштвото за управување;
- Месечен надоместок во износ пропишан со Статутот на Триглав отворен доброволен пензиски фонд, а изразен како процент од вредноста на вкупните нето средства на секоја индивидуална сметка во пензискиот фонд (надоместок за управување со средствата);
- Надоместок за премин на членот од Триглав отворен доброволен пензиски фонд во друг доброволен пензиски фонд во износ пропишан со Статутот на Триглав отворен доброволен пензиски фонд;.

Надоместоците наведени во претходниот став ќе се применуваат и ажурираат согласно законската регулатива.

- Останати приходи се состојат од финансиски приходи, останати приходи од активности и други приходи од работењето.

○ Финансиски приходи (приходи од вложувања) се приходи остварени по основ на камати од финансиски вложувања (пр. каматен приход од обврзници, дадени заеми, депозити итн.),

приходи од позитивни курсни разлики, приходи од капитални добивки, приходи од дивиденди од вложувања во други друштва и останати приходи од финансиски трансакции на работење, кои се однесуваат на пресметковниот период и кои ги задоволуваат условите за признавање. Приходите од финансиските средства се признаваат во периодот во кој настанале, без оглед дали се наплатени или не, и тоа според методот на ефективна каматна стапка, односно на временски пропорционална основа, со која се зема во предвид ефективниот принос на средствата (сразмерно на времето во кое средствата биле користени – дадени заеми и сл.), освен за финансиските средства кои се распоредени во групата според објективна вредност преку билансот на успех. Каматата се препишува на главниот долг, доколку тоа е предвидено со договорот.
Приходите од дивиденда се признаваат тогаш ќе биде утврдено правото на акционерот да го прими плаќањето (кога се одобрени исплатите).

- Останати приходи од активности опфаќаат: приходи од претходни години, како и останати приходи од основната дејност.
- Останати деловни приходи опфаќаат: приходи поврзани со нематеријални и материјални средства, приходи по основ на отпис на обврски, наплатени казни и надоместоци, вонредни приходи, како и други приходи кои настануваат при работењето и не се директно поврзани со основната дејност на друштвото.

Расходи

Како расходи се признаваат сите расходи кои се однесуваат на пресметковниот период и кои се во согласност пресметката на финансискиот резултат во тековната година, придржувајќи се на основните критериуми за признавање.

Трошоците за управување со фондовите се признаваат во периодот во кој настануваат.

Друштвото има расходи од управување со фондовите по следните основи:

- Расходи за МАПАС - Друштвото е обврзано да плаќа надоместок на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС во износ определен со одлука на Агенцијата, изразен како процент од вкупните придонеси уплатени во задолжителниот и доброволниот пензиски фонд управувани од страна на Друштвото;
- Расходи за ПИОМ - Друштвото е обврзано да плаќа надоместок на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во износ утврден со Закон изразен како процент од секој уплатен придонес во задолжителниот пензиски фонд управуван од страна на Друштвото;
- Расходи за чувар на имот - Друштвото е должно да избере единствен чувар на имот, на кого ја доверува одговорноста за чување на средствата на фондовите со кои управува. Чувар на средствата на пензиските фондови управувани од Друштвото е Комерцијална банка АД Скопје. Надоместокот за чуварот на имот се пресметува како процент од вкупната вредност на имотот, а висината зависи од вкупната вредност на имотот на фондот;
- Трошоците за трансакции - трошоци кои согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско

осигурување, во име на задолжителниот односно доброволниот пензиски фонд, а за сметка на пензиското друштво ги плаќа пензиското друштво. Трошоците за трансакции, во најголема мера се однесуваат на активностите што ги врши суб чуварот на имот (депозитарна институција која има дозвола издадена од надлежен орган во земја надвор од Северна Република Македонија и е овластена за таква дејност согласно законите на државата каде се чуваат средствата на задолжителниот и доброволниот пензискиот фонд), а се поврзани со грижа за извршување на даночни обврски и трошоците за поврат на данок и/или други активности на суб чуварот поврзани со даночните обврски/права на пензискиот фонд;

- Трошоци за маркетинг - произлегуваат активностите чија цел рекламирање на друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд и склучување на договори за членство во задолжителен пензиски фонд што вклучува: рекламирање на работењето на друштвото и пензиските фондови со кој тоа управува; информирање за карактеристиките на капитално финансираното пензиско осигурување; информирање за надоместоците и трансакциските провизии; информирање за приносот на пензиските фондови; информирање за инвестиционото портфолио на пензиските фондови; информирање за индивидуални сметки; зачленување и премин на членови од еден во друг пензиски фонд; склучување на договори за програмирани повлекувања и други активности заради рекламирање и обезбедување на информации поврзани со работењето на друштвото и на пензиските фондови, вклучително и трошоците поврзани со годишните известувања до членовите;
- Трошоци за агенти - Друштвото договорно ангажира овластени агенти за привлекување на нови членови во пензиските фондови. Трошоците за агенти опфаќаат надоместоци за склучени договори - провизии, трошоци за обука и полагање за испит за стекнување својство на агент, трошоци за упис во регистарот на агенти и други трошоци поврзани со агентите. Друштвото ги признава расходите за агенти во целост во периодот во кој се настанати, без разграничување за идни периоди;
- Останати трошоци за управување со фондовите - овие трошоци ги опфаќаат трошоците за внес, корекција и поништување на договор за членство во Регистарот на членови, поднесоци и жалби до МАПАС, трошоците за спроведување на постапка за давање согласности од страна на МАПАС, трошоците за пристап кон информациониот систем на МАПАС и други трошоци поврзани со управување со фондовите.

Друштвото има останати расходи од управување кои опфаќаат: трошоци за суровини и други материјали, трошоци за услуги, Плати и надоместоци на плата и останати трошоци на вработените, Амортизација и вредносно усогласување, Резервирања за трошоци и ризици, Останати трошоци од работењето.

Финансиски расходи, кои вклучуваат: трошоци за камати од финансиски вложувања, негативни курсни разлики, капитални загуби и останати расходи од финансиски трансакции на работење, кои се однесуваат на пресметковниот период.

Останати расходи, кои вклучуваат: расходи по основ на расходување и продажба на нематеријални средства кои служат за вршење на дејноста, платени казни и надоместоци, исправка на вредност на побарувања, вонредни расходи и останати расходи од работењето.

Данок на добивка

Данок на добивка

Данокот на добивка се состои од тековен данок и одложен данок. Данокот на добивка се признава во Извештајот за сеопфатна добивка (Биланс на успех), освен кога се работи за ставки кои се однесени директно во капиталот и тогаш соодветниот данок на добивка се признава во капиталот. Согласно Законот за данок на добивка, Друштвото е обврзано да пресметува и плаќа данок на добивка на даночната основа, зголемена за износот на непризнаени расходи за даночни цели. Стапката на данок на добивка изнесува 10%.

Основа за пресметување на данокот на добивка претставува разликата помеѓу вкупните приходи и расходи на Друштвото, во износи утврдени согласно со прописите за сметководство и сметководствените стандарди. Основа за пресметување на данок на добивка за непризнаени расходи претставува износот на непризнаени расходи утврдени со Законот за данок на добивка, намален за износот на даночниот кредит и даночните ослободување и олеснувања.

Одложениот данок се признава со користење на методата на билансот на состојбата и произлегува од временската разлика помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските за потребата на финансиското известување, и од нивната вредност за даночни цели. Одложениот данок се мери со примена на даночната стапка која се очекува да се примени кога ќе се реализираат времените разлики на основа на законот и која е важечка или суштински важечка на денот на известување. Побарувањата за одложениот данок се признаваат за сите времени разлики и неискористени даночни загуби, доколку постои можност дека Друштвото на располагање ќе има идна одаточена добивка. Обврските за одложениот данок се признаваат за сите одаточиви времени разлики.

При консолидација можат да се признаат времените разлики кои произлегуваат од разликата помеѓу официјалните финансиски извештаи на Друштвото и извештаите прилагодени за консолидацијата, и времените разлики кои потекнуваат од консолидираните постапки. Побарувањата и обврските за одложениот данок во консолидираните сметководствени извештаи се признаваат на ниво на секое поединечно друштво во Групацијата Триглав.

Обврски по кредити/заеми

Обврските по кредити иницијално се признаваат според објективната вредност на примените приливи, намалени за направените трошоци на трансакцијата. Обврските по кредити се евидентирани последователно според нивната амортизирана набавна вредност.

Неизвесни средства и обврски

Неизвесните обврски се обелоденуваат доколку постои веројатност за одлив на средства кои вклучуваат економски користи. Исто така, неизвесни средства не се евидентирани во финансиските извештаи, но се обелоденуваат кога постои веројатност за прилив на економски

користи. Износот на неизвесна загуба се евидентира како резервирање доколку е веројатно дека идните настани ќе потврдат постоење на обврска на датумот на известување и кога може да се направи разумна проценка на износот на загубата.

Трансакции со поврзани субјекти

Поврзаните страни се определуваат согласно регулативата на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување. Поврзана страна во однос на правно или физичко лице е:

а) поединечен акционер или група акционери кои поседуваат најмалку 10% од акциите со право на глас или поседуваат помал процент, и имаат посредна или непосредна контрола врз одлучувањето во тоа правно лице;

б) било кое друго правно лице во кое првото правно лице, посредно или непосредно, поседува најмалку 10% од акциите со право на глас или поседува помал процент, и има посредна или непосредна контрола врз одлучувањето на тоа правно лице;

в) било кое друго правно лице во кое еден акционер, посредно или непосредно, поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас и во ист временски период истиот акционер поседува, посредно или непосредно, повеќе од 20% од акциите со право на глас во првото правно лице;

г) физичко лице или правно лице кое има непосредна или посредна контрола, или се контролирани од или се под заедничка контрола на правното лице;

д) член на управен одбор, надзорен одбор или член на друг орган на управување или надзор на правното лице и

